# Дневна хемеротека за *17.02.2016г.*

## Точка - *Презентиран Иницијалниот извештај за карактеризација на Преспанското, Охридското и Скадарското Езеро*

TOCKA.COM.MK
News and Entertainment

# Презентиран Иницијалниот извештај за карактеризација на Преспанското, Охридското и Скадарското Езеро




16.02.2016 | 13:46

Извор: Макфакс

Прочитано: 164 пати

Испрати на пријател

Зголеми го фонтот

Намали го фонтот

Ми се допаѓа Сподели 1

**Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, денеска, ја отвори презентацијата на Иницијалниот извештај за карактеризација на Преспанското, Охридското и Скадарското Езеро, подготвен во согласност со европската рамковна директива за води.**

„Подготовката на Иницијалниот извештај за трите езера претставува важен чекор за крајбрежните држави кон управување со речни сливови во согласност со европското законодавство. Добар квалитет и одржливо управување со водите е заедничка цел на оваа регионална соработка меѓу министерствата, надлежните органи, универзитети, невладини организации и експерти од трите држави Македонија, Албанија и Црна Гора, притоа користејќи ја експертизата од германските експерти и добрите европски практики", изјави министерот Изаири во своето обраќање.

Извештајот, е изработен во рамки на проектот: „Заштита и одржливо искористување на биодиверзитетот на Преспанското, Охридското и Скадарското Езеро“ и е обврска согласно Европската рамковна директива за води која е имплементирана во македонскиот Закон за води. Во исто време тој претставува придобивка кон националните информативни системи за животната средина и придонесува за создавање на заедничка база на податоци за квалитетот на водите, а со тоа и подобрување на размената на знаења и одржливо управување со водните ресурси за трите држави.

Проектот е финансиски поддржан од Германското федерално министерство за економска соработка и развој, а е имплементиран од страна на Германското друштво за интернационална соработка-ГИЗ.

## Денар - *Презентиран Иницијалниот извештај за карактеризација на Преспанското, Охридското и Скадарското Езеро*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, денеска, ја отвори презентацијата на Иницијалниот извештај за карактеризација на Преспанското, Охридското и Скадарското Езеро, подготвен во согласност со европската рамковна ...

## Макфакс - *Презентиран Иницијалниот извештај за карактеризација на Преспанското, Охридското и Скадарското Езеро*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, денеска, ја отвори презентацијата на Иницијалниот извештај за карактеризација на Преспанското, Охридското и Скадарското Езеро, подготвен во согласност со европската рамковна

**Tetova Sot - *U prezantua Raporti inicues për karakterizimin e liqenit të Prespës, liqenit të Ohrit dhe liqenit të Shkodrës***

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# U prezantua Raporti inicues për karakterizimin e liqenit të Prespës, liqenit të Ohrit dhe liqenit të Shkodrës




in Maqedoni 16/02/2016

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Nurhan Izairi, sot, e hapi prezantimin e Raportit inicues për karakterizimin e liqenit të Prespës, liqenit të Ohrit dhe liqenit të Shkodrës, të përgatitur në pajtim me direktivën korrnizë evcropiane për ujërat.

– Përgatitja e Raportit inicues për tre liqenet paraqet një hap të rëndësishëm për shtetet bregdetare drejtë menaxhimit me pellgjet e lumejve në pajtim me legjislacionin evropian. Cilësia e mirë dhe menaxhimi i qëndrueshëm i ujërave është qëllim i përbashkët i këtij bahkëpunimi rajonal midis ministrive, organeve kompetente, universiteteve, organizatave joqeveritare dhe ekspertëve nga të tri shtetet ( Maqedonia, Shqipëria dhe Mali i Zi), gjatë kësaj duke shfrytëzuar ekspertizën e ekspertëve gjerman dhe praktikat e mira evropiane. – deklaroi ministri Izairi në fjalimin e tij.

Raporti u hartua në kuadër të projektit: „ Mbrojtja dhe shfrytëzimi i qëndrueshëm i biodeiversitetit në Liqenin e Prespës, Ohrit dhe Shkodrës " dhe është obligim sipas Direktivës korrnizë evropiane të ujërave e cila në fakt është implementuar në Ligjin e Ujërave të Maqedonisë. Në të njëjtën kohë ai paraqet një përfitim drejtë sistemeve kombëtare informative të mjedisit jetësor e njëherësh kontribuon për krijimin e bazave të përbashkëta të të dhënave për cilësinë e ujërave, e më këtë edhe përmirësimin e shkëmbimit të diturive dhe menaxhimit të qëndrueshëm me resurset ujore për të tre shtetet.

Projekti financiarisht mbështetet nga Ministria Federale e Gjermanisë për Bashkëpunim Ekonomik dhe Zhvillim dhe i implementuar nga Shoqata Gjermane për Bashkëpunim Ndërkombëtar – GIZ.






## Бизнис Инфо - Саса ќе работи на проекти поврзани со безбедноста при работа и заштита на животната средина

БИЗНИСИНФО
Вести Интервјуа

# Саса ќе работи на проекти поврзани со безбедноста при работа и заштита на животната средина

16/02/2016




Рудникот Саса во соработка со странски експерти, годинава ќе работи на нови проекти од аспект на безбедноста при работа и заштитата на животната средина, пишува Миа.

Во таа смисла потпишани се договори за работа во три сегменти, од областа на безбедноста при работа, заштитата на животната средина, како и на севкупната состојба во рудникот.

"Попишани се три договори кои се однесуваат за безбедност при работа со една австралиска компанија со којашто Саса и претходно имала соработка. Истовремено, со американска компанија којашто во моментов е на увид и ни дава препораки во делот со заштитата на животната средина. Исто така, за рударството во целост, имаме склучено договор со светска консултантска куќа којашто почна да работи оваа година во рамки на договорот со новите сопственици", рече генералниот директор на Саса, Александар Раков.

Во 2016 година рудникот планира да произведе 700.000 тони сува руда, а во 2015 ископани се 778.000 тони сува руда. Меѓутоа, нестабилната цена на металите на светската берза, којашто се спушти на 1.600 долари по тон, дава негативни реперкусии врз рударството. Моменталната цена на оловото е 1.843 долари за тон, додека на цинкот 1.715 долари за тон.

"Тоа е критично за работата на еден рудник, но цената на металите сега има тенденција на покачување и се надеваме дека ова ниво на цени ќе се задржи подолг временски период. Во конечниот буџет немавме никакви импликации во нашето секојдневно работење, бидејќи во буџетот за 2016 ние планиравме одредени цени на металите и во овој момент ги исполнуваме планските бројки и не се одразуваат цените на металите во работата", потенцира Раков.

Рудникот има две нови концесии, едната е за експлоатација, а другата за геолошки истражувања кои треба да го продолжат векот на рудникот.

## Утрински - Тетово пак најзагаден град во Македонија

Утрински весник

16.02.2016, 14:15

### ТЕТОВО ПАК НАЈЗАГАДЕН ГРАД ВО МАКЕДОНИЈА



Денеска Тетово пак беше најзагадениот град во Македонија. Иако концентрацијата на честичките ситна прашина ПМ 10 беше многу пониска од вообичаено, сепак, загадувањето беше високо. Мерната станица во Тетово измери од 150 до 220 микрограми на кубен метар. Високо загаден воздух имаше и во Кичево и во Кавадарци каде што беа регистрирани100 микрограми ПМ 10 честички.

Средно загадување во текот на вчерашниот ден регистрираа мерните станици во Центар, Карпош, Лисиче, Битола, Велес и во Кочани. Во Центар имаше 60 микрограми на кубен метар, во Карпош концентрацијата на ПМ 10 варираше меѓу 40 и 60 микрограми, во Лисиче и во Битола беа измерени 50, а во Кочани под 100 микрограми на кубен метар.

**think.mk - *Скопското кале и ученици од Велес се најдоа во глобална реклама која изгледа феноменално (видео)***

think.mk

# СКОПСКОТО КАЛЕ И УЧЕНИЦИ ОД ВЕЛЕС СЕ НАЈДОА ВО ГЛОБАЛНА РЕКЛАМА КОЈА ИЗГЛЕДА ФЕНОМЕНАЛНО (ВИДЕО)

**Како што започнува одбројувањето до најголемата светска еколошка акција Часот на планетата Земја, денеска тимот на ова движење официјално го промовираше глобалното видео од светската маркетинг кампања во кое се појавуваат и неколку инсерти од Македонија!**

Like Share 11

Прочитано: 1893 пати, Интересно, 15.02.2016, Понеделник, 18:10, Трајче Б.

Три минутното видео во кое главна музичка тема е интернационалниот хит „The Nights" на Avicii ја прикажува моќта која секој од нас ја има за да ги промени климатските промени.



Поради актуелноста и успешноста на акцијата минатата година во Македонија, глобалниот тим реши да вметне инсерт од исклучувањето на осветлувањето на скопската тврдина Кале во рекламата која ја гледа целиот свет, а истото можете да го видите во 1:10 минута од видеото.

Исто така, во видеото можете да видите и неколку инсерти од минатогодишното одбележување на Часот на планетата Земја на улица Македонија (1:25 и 1:35 минута), децата од интернационалната британска градинка во Македонија (2:31 минута), како и учениците од средното училиште „Димитрија Чуповски“ од Велес (2:42 минута), пишува Популарно.



## Вечер - *Пет водечки држави во светот во обновливи извори на енергија*

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА LIFE КУЛТУРА ЗАБАВНА СПОР

СПОРЕД СВЕТСКАТА БАНКА

### Пет водечки држави во светот во обновливи извори на енергија

**Според Светската банка,5 држави сепак ќе направат многу големи чекори во оваа насока и ќе брзаат да ја постигнат оваа цел.Еве кои се тие држави:**



За време на состанокот во Париз кон крајот на минатата година,посветен на климатските промени,светските лидери се обединија околу потребата за обезбедување, прифатлива,сигурна и одржлива енергија за сите.

Според Светската банка,5 држави сепак ќе направат многу големи чекори во оваа насока и ќе брзаат да ја постигнат оваа цел.Еве кои се тие држави:

**1.МАРОКО**

Амбиција на северноафричката држава е да стане лидер во производството на

солaрна електроенергија.Минатата недела беше отворена најголемата фабрика за производство на таква енергија,поцирана во пустината Сахара.Се очекува,кога ќе го постигне полниот капацитет,комплексот Quarzazate да произведува струја доволна да ги покрие потребите на еден милион Мароканци и да ја намали зависноста на земјата од фосилните горива.

**2.БАНГЛАДЕШ**

Во Бангладеш константно расте бројот на домаќинства кои се опремени со соларни панели.Со тоа,околу 8,5 семејства,или вкупно 18 милиони луѓе имаат електрична енергија благодарение на овој систем за производство на електрична енергија.

**3.КИНА**

Минатата година Кина го претстави својот проект наречен"соларни училишта".Идејата е вкупно 800 училишни згради во земјата да се снабдуваат од сончеви панели,поставени на нивните покриви.

**4.МЕКСИКО**

Власите во Мексико избраа поинаков систем од споменатите земји-државата бесплатно обезбеди речиси 23 милиони сијалици за бесплатно осветлување.На тој начин,повеќе од 5,5 милиони мексикански семејства плаќаат 18% пониски сметки за струја.Од друга страна,со тоа се намалуваат шетните емисии на јаглен диоксид за 1,4 милиони тони годишно.

**5.ТУРЦИЈА**

Во последните неколку гоидни Тирција успеа да постигне сериозен раст на обновливата енергија.Од 2001 година наваму,инвестициите во земјата во таа насока се значително зголемени.Со помош на финансиската подршка на земјата од Европската банка за обнова и развој,Светската банка и Меѓународната финансиска корпорација,Анкара успеа да намали до 5 милиони тони од емисиите на ЦО2 годишно.

## Радио МОФ - [Фиџи е прва земја во светот која го ратификуваше договорот од Париз]

РАДИО МОФ RADIOMOF.MK



# ФИЏИ Е ПРВА ЗЕМЈА ВО СВЕТОТ КОЈА ГО РАТИФИКУВАШЕ ДОГОВОРОТ ОД ПАРИЗ

0

16/02/2016 - 12:45 ВЕСТИ, ГРАЃАНИ

Островската држава Фиџи изминатиот викенд стана првата држава која го ратификуваше договорот напишан на Глобалната конференцијата за климатски промени во Париз, на кој во декември се согласија 195 земји.

Парламентот на Фиџи едногласно се согласи да го ратификува договорот, на предлог на генералниот правобранител, **Aiyaz Sayed Khaiyum**. Според него, справувањето со климатските промени е најголем приоритет на архипелагот, кој може да се соочи со големи поплави, пожестоки тропски бури и намалување на популацијата на риби, како резултат на глобалните климатски промени.

За формално да стапи на сила, договорот од Париз треба да биде ратификуван од најмалку 55 земји, кои претставуваат околу 55 посто од светската емисија на штетни гасови.

Според националниот климатски план на Фиџи, земјата треба да генерира 100 посто од електричната енергија која ја користи од обновливи извори, до 2030 година. Државата вети и дека сосема ќе ги елиминира емисиите на штетни гасови од енергетскиот сектор за 30 посто до 2030 година, под услов да добива средства за имплементација на тој план од индустријализираните земји.